**Преглед на онлајн презентација**

Australian Government

Be Connected
Every Australian online.

# Апликации за попаметно патување (Apps for smarter travel)

Планирањето на патување и пристигнувањето на вашата дестинација никогаш не било полесно со информации и услуги достапни со допир на вашите паметни уреди. Апликациите и веб-страниците може да ви помогнат да го истражите вашиот следен одмор и да го подобрите вашето доживување на патувањето. Има апликација за речиси сѐ што можете да помислите во врска со патувања, вклучувајќи за летови, такси служби, временски услови и многу повеќе! Следете ги нашите совети за безбедност и уживајте во многуте придобивки што овие апликации можат да ви ги понудат.



## Придобивки од користење на апликации за патување

Можете да користите апликации за речиси секој аспект на патувањето, од истражување, до резервирање, проверка на маршрути на патување и чување електронски билети. Многу од работите што можете да ги правите со апликациите - како што е пријавувањето (checking in) за лет - можете да ги правите и со користење на веб-страница, но апликациите се оптимизирани за вашиот мобилен телефон што ги прави лесни за навигација.

Апликациите може да се користат за да:

- најдете информации и оценки од други патници за сместување, тури, атракции и ресторани (Tripadvisor)
- резервирате и плаќате за летови, сместување и тури, и да ги чувате информациите за маршрутата на патувањето и резервациите
- ви помогнат да се движите наоколу и да се снајдете во некој град, како и да најдете препораки за места за посета или работи што треба да ги видите во близина (Google Maps)
- моментално преведете странски јазици и знаци.




**Совет:** Ако планирате патување во странство, посетете ја веб-страницата на австралиската влада, Smart Traveler, за важни информации за патување и совети за прекуокеанските дестинации, за да бидете безбедни.

### Корисни апликации

Постојат многу апликации кои можат да помогнат при планирањето на патување и да го подобрат вашето патничко доживување, тие вклучуваат:

- Апликации за патување: Tripadvisor, Flight Centre, Webjet
- Апликации за превоз: 13cabs, Uber, Google Maps, Apple Maps, Waze
- Апликации за сместување: Wotif, Stayz, Airbnb
- Апликации за временски услови: BOM Weather, Weatherzone
- Апликации за патувања по патишта: AllTrails, Petrol Spy, Fuel Map, Национална карта на јавни тоалети (National Public Toilet Map)
- Апликации за забава: Apple Podcasts, Google Podcasts, Audible, Spotify, TuneIn Radio, Kindle, Google Play Books, Apple Books
- Апликации за комуникација: WhatsApp, Messenger, Google Translate

Дознајте повеќе за Корисните апликации и за Онлајн истражувањето и резервирањето патувања на веб-страницата Be Connected.




## Користење на вашиот уред за да се движите наоколу

Вашиот мобилен уред и неговата податочна конекција може да ви помогнат да се движите наоколу. Вашиот паметен телефон има комбинација од хардвер и софтвер што му овозможува да ја одреди својата локација и да ја прикаже на мапа. На некои паметни телефони, оваа функција се нарекува Локација (Location) или Услуги за локација (Location Services) на други. Можете да ја најдете во поставките на вашиот телефон, и на телефоните со Android и на iPhone. Кога телефонот ќе ја одреди својата локација, може да ги сподели овие податоци со апликациите што ги бараат истите.

### Google Maps

Google Maps ја користи локацијата на вашиот телефон за да ја прикаже вашата позиција на мапата и да ви даде насоки до дестинацијата. Апликацијата ви помага да најдете работи во близина. Може да добивате насоки до улична адреса или да пребарувате препорачани ресторани, настани, работи што треба да ги видите и правите и многу повеќе.



### Апликации за споделување превоз (Ride share)

Сега има апликации кои ви помагаат да најдете превоз од служба што не е такси. Апликацијата за споделување превоз ви овозможува да резервирате автомобил за да ве однесе до вашата дестинација и однапред да платите за патувањето. Можете да резервирате споделување превоз користејќи апликација како што е Uber. Uber ги поврзува сопствениците на приватни автомобили со патниците. Оваа апликација ќе ви овозможи да го оцените и возачот, така што ќе има поттик да го одржува својот автомобил чист и да доаѓа навреме.

### Апликации за такси-возила

Наместо да стоите на аголот на улицата и да запирате такси или да се јавите на телефон и да чекате додека ве приклучат, можете да користите апликација за да резервирате превоз. Сите такси служби немаат апликации, така што можеби нема да можете да ја користите претпочитаната такси компанија. Такси компанијата 13cabs има апликација и работи слично како Uber. Можете да изберете тип на такси-возило (вклучувајќи караван и возила со пристап за инвалидска количка) и да резервирате и да го платите вашето патување пред да пристигне такси-возилото.

### Апликации за возен ред

Апликациите за возен ред го олеснуваат користењето на јавниот превоз. Наместо да се потпираат на статичен возен ред прикачен на автобуска постојка, апликациите за возен ред се ажурираат автоматски кога се менуваат возните редови или ако има доцнења. Тие исто така може да ви покажат која услуга можете да ја користите и од каде, кога ќе го внесете вашето место на тргнување и дестинацијата.

Еден пример за апликација за возен ред е TripView. Оваа апликација работи во Сиднеј и Мелбурн, па ако живеете надвор од овие градови, ќе треба да најдете апликација соодветна за вашата област. Другите држави имаат свои апликации, како што се My Translink за Квинсленд и TransPerth за Западна Австралија.

Дознајте повеќе за Google Maps и апликациите за споделување превоз и јавен превоз на веб-страницата Be Connected.

## Совети од eSafety за користење апликации

- Преземајте апликации на вашиот паметен уред само од официјалната App Store за уредите на Apple или од Google Play Store за уредите со Android.
- Пред да ја преземете апликацијата, проверете ја нејзината автентичност со тоа што ќе ги погледнете следните работи:
  - издавачот на апликацијата
  - оцена со ѕвездички дадена на апликацијата од други
  - оцени напишани од оние кои ја преземале апликацијата.
- Прегледајте ги дозволите за апликациите, особено оние што имаат пристап до вашиот список со контакти, камерата, просторот за складирање податоци, локацијата и микрофонот.
- Ако на апликацијата ѝ треба пристап до податоците за вашата локација за да функционира, размислете да го ограничите пристапот само кога апликацијата е во употреба.
- Ажурирајте ги апликациите и избришете ги сите апликации што повеќе не ги користите.

## Одвојте време да дознаете повеќе за Be Connected




Be Connected е сеопфатна веб-страница со бесплатни материјали специјално дизајнирани да им помогнат на постарите Австралијци безбедно да се поврзуваат онлајн и со сигурност да се движат низ дигиталниот свет. Веб-страницата е исто така корисна за семејствата и организациите во заедницата кои сакаат да им помогнат на постарите членови на заедницата да пристапат до сите придобивки на интернет.

**посетете ја веб-страницата beconnected.esafety.gov.au**

Australian Government | eSafety Commissioner

Оваа програма ја подготви eSafety како дел од иницијативата Be Connected.